Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 1, а во врска со член 28, став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на ден 24 декември 2018 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И РЕГУЛИРАНИ ПРОСЕЧНИ ТАРИФИ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС, ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ПРИРОДЕН ГАС И ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Правилник за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува начинот и условите за формирање, одобрување и контрола на тарифите (во понатамошниот текст: регулирање на тарифите) со кои се остварува регулиран максимален приход потребен за вршење на следните регулирани дејности:
1) пренос на природен гас,
2) организирање и управување со пазарот на природен гас, и
3) дистрибуција на природен гас.

(2) Одредбите од овој Правилник се однесуваат на правните лица (во понатамошниот текст: друштва) кои ги вршат регулираните дејности од став (1) од овој член врз основа на лиценци издадени од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).

### Член 2

### Цели

Регулирањето на тарифите, согласно начинот и постапката утврдени со овој Правилник се засновани на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација и со нив се обезбедува:
1) урамнотежување на интересите на вршителите на енергетски дејности и потрошувачите на природен гас,
2) заштита на потрошувачите и корисниците на системот за пренос и системот за дистрибуција на природен гас од каква било злоупотреба на доминантната позиција на пазарот,
3) креирање на мерки за поттикнување на ефикасно работење на вршителите на енергетски дејности,
4) вршителите на енергетски дејности да ги надоместат оправданите трошоци, како и да стекнат соодветен принос на капитал,
5) финансиски средства неопходни за инвестиции со кои ќе се обезбеди одржливо и сигурно функционирање на енергетските системи,
6) отстранување на вкрстените субвенции меѓу групите потрошувачи и прелевање на приходите и трошоците при вршење на регулираните и/или нерегулираните енергетски дејности и
7) надоместување на трошоците за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос и системот за дистрибуција на природен гас, имајќи ги предвид плановите и динамиката за намалување на загубите што операторите на системите ги доставуваат за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 3**

(1) При регулирањето на тарифите на дејностите од член 1, став (3) на овој Правилник, се користи методологија на поттикнувачка регулатива за определен регулиран период, со примена на методологиите содржани во прилозите од овој Правилник.
(2) Примената на методологиите од прилозите на регулираното друштво му обезбедува приход за покривање на оправданите трошоци и обезбедување соодветен принос на капиталот во регулираниот период определен согласно член 4 од овој Правилник.

**Член 4**
**Регулиран период и времетраење на регулиран период**

(1) Под регулиран период се подразбира период од една или повеќе календарски години за кој што на регулираното друштво му се утврдуваат просечни тарифи потребни за вршење на регулираните дејности, согласно одредбите од овој Правилник.
(2) Регулираниот период за секоја од регулираните дејности, од член 1, став (1) на овој Правилник, е три години.
(3) По исклучок од став (2) од овој член, регулираниот период може да биде помал од три години доколку барањето за утврдување на регулиран приход и цена е поднесено во текот на регулираниот период, од страна на нов носител на лиценца за вршење на регулирана дејност од член 1, став (1) од овој Правилник.
(4) Базна година е годината која е две години пред првата година од регулираниот период.

**Член 5**
**Сметководствени стандарди**

(1) Друштвото кое врши регулирани дејности од член 1, став (3) од овој Правилник, своето сметководство го води во согласност со важечката законска регулатива во Република Македонија.
(2) За целите на регулирање на тарифите, регулираното друштво должно е при поднесување на барање за одобрување на регулиран приход и тарифи до Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 17, став (1) на овој Правилник, да достави податоци согласно обрасците и табелите дадени во Прилог 5, кој е составен дел на овој Правилник, односно друштвото да изврши групирање на сметководствените позиции согласно методологијата за соодветната регулирана дејност што е составен дел на овој Правилник.
(3) Друштвото кое врши регулирани дејности е должно, согласно Законот за енергетика и овој Правилник, по барање на Регулаторната комисија за енергетика да доставува и други податоци и информации потребни за регулирање на тарифите и да овозможи увид во расположивата инвестиционо-техничката документација за проекти од обласга на регулираната дејност.
(4) Друштвото кое врши регулирана дејност е должно, најдоцна до 31 мај во тековната година, до Регулаторната комисија за енергетика да достави Извештај од ревизијата на финансиските извештаи од претходната година.

**Член 6**

Друштвото кое врши една или повеќе регулирани енергетски дејности, или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, тоа друштво е должно да:

1) води одвоено сметководство за секоја поединечна регулирана енергетска дејност што ја врши,
2) вклучи во своето сметководство финансиски извештаи за енергетската дејност за чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга, доколку во согласност со Законот за енергетика му е доделен надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно со прописите за државна помош,
3) води одвоено сметководство за дејностите кои ги врши и кои не се регулирани енергетски дејности или други дејности кои ги извршува.

## II. ПРЕСМЕТКА НА РЕГУЛИРАНИ ТАРИФИ

### Член 7

### Начин на регулирање на тарифата

(1) Просечната тарифа и тарифите се регулираат преку определување на горната граница на приходот што му се дозволува на регулираното друштво да го оствари во текот на една календарска година (во понатамошниот текст: регулиран максимален приход).

(2) Регулираниот максимален приход се утврдува на ниво што на регулираното друштво му овозможува да оствари:

1) покривање на оправданите оперативни трошоци и амортизацијата на средствата за вршење на соодветната регулирана дејност, со цел остварување на пропишан квалитет на вршење на регулираната дејност,
2) обезбедување на определена стапка на принос на капиталот, во која се вклучени и инвестициите, со кои ќе се овозможи оспособување, одржлив развој и достапност на услугите кои што се обезбедуваат за сите потрошувачи на природен гас на територијата на Република Македонија.

(3) Во регулираното друштво, определувањето на трошоците и средствата се врши во согласност со одредбите од Прилог 4, којшто е составен дел на овој Правилник.

(4) Регулираниот максимален приход од став 2 на овој член ги вклучува и приходите кои што регулираното друштво ги остварува по други основи при вршењето на регулираната дејност.

### Член 8

### Регулирани тарифи

(1) Тарифа за користење на системот за пренос на природен гас се определува на операторот на системот за пренос на природен гас, за секоја година од регулираниот период согласно Тарифниот систем за пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас.
(2) Тарифа за услугата организирање и управување со пазарот на природен гас се определува на операторот на пазарот на природен гас, за секоја година од регулираниот период согласно Тарифниот систем за пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас.
(3) Тарифа за услугата дистрибуција на природен гас се определува на операторот на системот за дистрибуција на природен гас, за секоја година од регулираниот период согласно Тарифниот систем за дистрибуција на природен гас.

## 1. Пренос на природен гас

### Член 9

Регулираниот максимален приход на операторот на системот за пренос на природен гас, треба да ги покрие оправданите оперативни трошоци за пренос, како и да обезбеди соодветен принос на капитал, а се определува на начин и постапка со примена на методологијата и критериумите дадени во Прилог 1 кој што е составен дел на овој Правилник.

### Член 10

(1) Количините на природен гас за покривање на дозволените технички загуби на природен гас во системот за пренос се признаваат до 0,5% од вкупните количини на природен гас на влез во системот за пренос на природен гас.
(2) Цената по која се пресметува трошокот за покривање на техничките загуби на природниот гас во преносната мрежа е цената по која операторот на системот за пренос го набавува природниот гас.

## 2. Организирање и управување со пазарот на природен гас

### Член 11

Регулираниот максимален приход на операторот на пазар на природен гас, треба да ги покрие оправданите оперативни трошоци за организирање и управување со пазарот на природен гас, како и да обезбеди соодветен принос на капиталот, а се определува на начин и постапка со примена на методологијата и критериумите дадени во Прилог 2 кој што е составен дел на овој Правилник.

## 3. Дистрибуција на природен гас

### Член 12

Регулираниот максимален приход на операторот на системот за дистрибуција на природен гас, треба да ги покрие оправданите оперативни трошоци за дистрибуција и управување со системот за дистрибуција, како и да обезбеди соодветен принос на капиталот, а се определува на начин и постапка со примена на методологијата и критериумите дадени во Прилог 3 кој што е составен дел на овој Правилник.

### Член 13

Во случај кога на системот за дистрибуција на природен гас се приклучени помалку од 100.000 потрошувачи, друштвото кое врши енергетска дејност дистрибуција на природен гас, може да врши и дејности снабдување со природен гас, снабдување со природен гас со обврска со јавна услуга и снабдување со природен гас во краен случај.

### Член 14

(1) Количините на природниот гас за покривање на дозволените технички загуби на природен гас во дистрибутивната мрежа се признаваат до 0,7% од вкупната количина на природен гас на влез во дистрибутивниот систем.
(2) Цената по која се пресметува трошокот за покривање на техничките загуби на природен гас во дистрибутивната мрежа, е цената по која дистрибутерот го набавува природниот гас.

# III. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАНИ ТАРИФИ

### Член 15

(1) Регулираните друштва од член 1, став (1) од овој Правилник поднесуваат барање до Регулаторната комисија за енергетика за одобрување на регулиран максимален приход и тарифи, согласно со овој Правилник (во понатамошниот текст: барање), најдоцна 60 дена пред истекот на регулираниот период.
(2) Барањето од став (1) на овој член се доставува заверено со потпис и печат од одговорното лице за претставување и застапување на друштвото по претходна добиена согласност од органот на управување определен со статутот на друштвото.
(3) Кон барањето од став (1) на овој член, барателот е должен да ги достави, во писмена и електронска форма, следните документи и податоци:
    1) тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија не постара од 15 дена од денот на доставување на барањето,
    2) финансиски извештаи со сите прилози во согласност со барањата на меѓународните сметководствени стандарди, со извештај на овластен ревизор,
    3) бруто биланс за базната година и за секоја наредна по базната година, до денот на доставување на барањето изготвен во Excel формат,
    4) финансиско-сметководствени и техничко-економски и други податоци и информации изготвени во Excel формат, кој овозможува обработка од страна на Регулаторната комисија за енергетика,

5) податоци за пренесена, дистрибуирана и испорачана количина на природен гас изготвени во Excel формат, кој овозможува обработка од страна на Регулаторната комисија за енергетика,
6) податоци за број на потрошувачи по категорија, група и подгрупа согласно соодветните Тарифни системи,
7) планови за инвестирање за регулираниот период, со опис и образложение за економската и енергетската оправданост на секоја инвестиција пооделно со што ќе се потврди подобрувањето на сигурноста во снабдувањето со природен гас и квалитетот на јавната услуга, како и податоци за степенот на реализација на инвестициите до денот на поднесување на барањето;
8) други релевантни податоци за вршење на регулираната дејност, по барање на Регулаторната комисија за енергетика во текот на постапката, до донесувањето на Одлуката за одобрување на регулираните тарифи;
9) изјава за веродостојност на барањето и податоците приложени кон барањето, потпишана од одговорното лице овластено за претставување и застапување, Прилог 6 на овој Правилник.

(4) Документите од став (2) на овој член треба да бидат поднесени во оригинал или копија на оригиналот заверена на нотар како и во електронска форма.

**Член 16**

**Постапување по барањето**

(1) Постапката за одобрување на регулираниот максимален приход и тарифи отпочнува со денот на приемот на барањето во архивата на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, Регулаторната комисија за енергетика го разгледува и го анализира барањето и доколку утврди дека недостасуваат одредени податоци и документи, донесува решение со кое го задолжува регулираното друштво во определен временски рок да ги достави бараните податоци и документи. Регулаторната комисија за енергетика, пред донесување на решението, може да го повика друштвото на заеднички состанок за дополнителни информации и појаснувања во врска со поднесеното барање.

(3) Доколку регулираното друштво во рокот определен со решението од став 2 на овој член во целост не постапи по барањата за дополнување на одредени податоци и документи, Регулаторната комисија за енергетика ја спроведува постапката со користење на податоците што биле поднесени или други податоци што и се на располагање.

(4) Регулаторната комисија за енергетика отпочнува постапка за прибирање на мислења и предлози по барањето, од заинтересираните правни и физички лица, најдоцна до истекот на 30 дена од денот на приемот на барањето.

**Член 17**

**Објавување на барањето**

(1) Регулаторната комисија за енергетика во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, објавува известување за поднесеното барање на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика, и на трошок на регулираното друштво, го објавува во два дневни весника, од кои во еден којшто се објавува на македонски јазик и еден којшто се објавува на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои говорат службен јазик кој не е македонски.

(2) Рокот на прибирање на мислења и предлози од заинтересираните физички и правни лица не може да биде подолг од 10 дена од денот на објавувањето.

(3) Врз основа на податоците доставени кон барањето, како и врз основа на анализата на доставените мислења од заинтересираните физички и правни лица, Регулаторната комисија за енергетика изготвува предлог одлука со образложение, која е предмет на расправа на подготвителна седница на Регулаторната комисија за енергетика.

(4) По изготвување на предлог одлуката од став (3) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика е должна да свика подготвителна седница.

(5) Со поканата за присуство на подготвителната седница се доставуваат предлог одлуката и мислењата добиени од заинтересираните правни и физички лица, кои Регулаторната комисија за енергетика ги објавува на својата веб страна.

(6) За присуство на подготвителната седница се покануваат овластени претставници на подносителот на барањето, на институции и организации, како и заинтересирани друштва.

**Член 18**

(1) Регулаторната комисија за енергетика е должна најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето да одржи седница на која донесува одлука по барањето за регулиран приход и тарифа.
(2) Одлуката од ставот (1) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 19**

Одредбите од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика соодветно се применуваат на организирањето и одржувањето на седниците на Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 20**

**Определување на регулиран приход и тарифа за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас, за секоја година од регулираниот период**

(1) Регулаторната комисија за енергетика, по поднесување на првото барање согласно член 15 од овој Правилник, го определува основниот приход за секоја година од регулираниот период.
(2) Друштвото кое врши регулирана дејност од член 1, став (1) од овој Правилник е должно барањето за регулиран максимален приход и тарифа да го достави во архивата на Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 30 ноември во тековната година за наредната регулирана година.
(3) Кон барањето друштвото доставува:
   1) бруто биланс за тековната година, до денот на доставување на барањето;
   2) податоци за пренесена односно дистрибуирана количина на природен гас, презентирани во соодветни табели од Прилог 5 кој што е составен дел на овој Правилник;
   3) други релевантни податоци за вршење на регулираната дејност по барање на Регулаторната комисија за енергетика во текот на постапката, до донесување на одлуката.
(4) Одлуката за регулиран приход и тарифа за секоја година од регулираниот период, Регулаторната комисија за енергетика ја донесува согласно постапката утврдена во член 15, 16, 17, 18 и 19 од овој Правилник.

**Член 21**

Друштвото кое врши регулирана дејност од член 1, став (1) од овој Правилник е должно најдоцна до 10 март во тековната година до Регулаторната комисија за енергетика да достави финансиски извештаи со сите прилози изготвени согласно законската регулатива во Република Македонија за претходната година, заради вршењето на годишната контрола.

**Член 22**

**Промена на одобрениот регулиран приход и тарифа**

(1) Доколку во регулираниот период, оперативните трошоци се зголемиле за повеќе од 5% во однос на одобрените оперативни трошоци, како последица на околности кои не постоеле или

не можеле да се предвидат во времето на одобрување на регулираниот приход и тарифа, друштвото може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика за зголемување на регулираниот приход и тарифи за тековната година и за останатиот дел од регулираниот период чие времетраење е определено во согласност со член 4 од овој Правилник.

(2) Доколку во регулираниот период, оперативните трошоци се намалиле за повеќе од 5% во однос на одобрените оперативни трошоци, како последица на околности кои не постоеле или не можеле да се предвидат во времето на одобрување на регулираниот приход и тарифи, друштвото е должно да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика за намалување на регулираниот приход и тарифи за тековната година и за останатиот дел од регулираниот период чие времетраење е определено во согласност со член 4 од овој Правилник.

(3) Доколку друштвото, не постапи согласно став (2) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика донесува решение за отпочнување на постапката за намалување на регулираниот приход и тарифи и заклучокот го доставува до друштвото.

(4) Во решението од став (3) на овој член се определуваат роковите за преземање на одделни дејствија во постапката, како и потребната документација која што треба да ја достави друштвото.

(5) Регулаторната комисија за енергетика донесува одлука согласно ставовите (1), (2) и (4) на овој член, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето во архивата на Регулаторната комисија за енергетика, односно приемот на решението од став (3) во архивата на друштвото.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 23

(1) Овој Правилник почнува да се применува со исполнување на условите утврдени со член 238, став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18).

(2) Со денот на отпочнување на примената на овој Правилник од став (1) од овој член престанува да важи Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 201/16, 87/17, 142/18).

### Член 24

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**бр. 01-2449/1**
**24 декември 2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

# ПРИЛОГ 1.

**Методологија за пресметка на регулиран максимален приход за регулирана дејност пренос на природен гас**

## 1. Регулиран максимален приход на оператор на системот за пренос на природен гас

Регулираниот максимален приход (MAR) на операторот на системот за пренос на природен гас се пресметува со следната формула:

$$MAR_t = BR_t + L_t + SPT_t - K_t$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $MAR_t$ | - | регулиран максимален приход | [денари] |
| $BR_t$ | - | основен приход (приход потребен за покривање на оперативни трошоци и принос на капитал) | [денари] |
| $L_t$ | - | трошок за набавка на природен гас за покривање на одобрените загуби во системот за пренос на природен гас | [денари] |
| $SPT_t$ | - | пренесени трошоци | [денари] |
| $K_t$ | - | фактор на корекција | [денари] |

## 2. Основен приход

### 2.1 Основен приход за базна година

Основниот приход за базната годината (две години пред првата година од регулираниот период), во понатамошниот текст $BR_0$ се пресметува со примена на следнава формула:

$$BR_0 = O_0 + D_0 + RA_0$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $BR_0$ | - | основен приход за базната годината | [денари] |
| $O_0$ | - | оправдани оперативни трошоци за базната година | [денари] |
| $D_0$ | - | амортизација во базната година | [денари] |
| $RA_0$ | - | принос на регулирани средства за базната годината | [денари] |

### 2.2 Основен приход за годината t

Основниот приход за секоја година (t) ($BR_t$) од регулираниот период се пресметува со примена на следнава формула:

$$BR_t = [O_{t-1} \cdot (1 + CPI_t) + D_t + RA_t] \cdot (1 - SX)$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $BR_t$ | - | основен приход за годината t | [денари] |
| $CPI_t$ | - | општата ценовна инфлација за базната годината, објавена од Државниот завод за статистика | [денари] |
| $O_{t-1}$ | - | оправдани оперативни трошоци за претходната година | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација за тековната година | [денари] |
| $RA_t$ | - | принос на регулирани средства за годината t | [денари] |

$SX$ - фактор на порамнување на регулираниот приход

Факторот на порамнување за регулираниот период, го утврдува Регулаторната комисија за енергетика, во Одлуката за регулиран максимален приход и тарифа за регулираниот период, а се определува на следниот начин:

$$\sum_{t=1}^{3} \frac{ABB_t}{(1+WACC)^t} = \sum_{t=1}^{3} \frac{BR_t(1-SX)}{(1+WACC)^t}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи за годината t | [денари] |
| $WACC$ | - | пондерирана просечна цена на капиталот за регулираниот период | [%] |

### 2.3 Годишен приход по составни елементи ($ABB_t$)

Годишниот приход по составни елементи кој што го планира регулираното друштво, за секоја година t од регулираниот период, се пресметува со примена на следнава формула:

$$ABB_t = O_t + D_t + RA_t$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи за годината t | [денари] |
| $O_t$ | - | оперативни трошоци и трошоци за одржување за годината t | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација за годината t | [денари] |
| $RA_t$ | - | принос на регулирани средства за годината t | [денари] |

## ПРИЛОГ 2

## Методологија за пресметка на регулиран максимален приход за регулирана дејност организирање и управување со пазарот на природен гас

### 1. Регулиран максимален приход на операторот на пазарот на природен гас

Регулираниот максимален приход ($MAR_t$) кој што вршителот на регулираната дејност организирање и управување со пазарот на природен гас може да го оствари од вршење на регулираната дејност организирање и управување со пазарот на природен гас на територијата на Република Македонија за соодветната година од регулираниот период, се пресметува со примена на следнава формула:

$$MAR_t = O_t + D_t + RA_t + SPT_t - K_t$$

каде што:

| | | |
|---|---|---|
| $MAR_t$ | - | регулиран максимален приход за годината t [денари] |
| $O_t$ | - | оперативни трошоци за годината t, дефинирани во Прилог 4 [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација за годината t, дефинирана во Прилог 4 [денари] |
| $RA_t$ | - | принос на регулираната средства, во годината t, дефиниран во Прилог 4 [денари] |
| $SPT_t$ | - | пренесени трошоци во годината t, дефинирани во Прилог 4 [денари] |
| $K_t$ | - | фактор на корекција за годината t дефиниран во Прилог 4 [денари] |

# <u>ПРИЛОГ 3</u>

**Методологија за пресметка на регулиран максимален приход за регулирана дејност дистрибуција на природен гас**

## 1. Регулиран максимален приход на операторот на системот за дистрибуција на природен гас

Регулираниот максимален приход (MAR) на операторот на системот за дистрибуција на природен гас се пресметува со следната формула:

$$MAR_t = BR_t + L_t + SPT_t - K_t$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $MAR_t$ | - | регулиран максимален приход | [денари] |
| $BR_t$ | - | основен приход (приход потребен за покривање на оперативни трошоци и принос на капитал) | [денари] |
| $L_t$ | - | трошок за набавка на природен гас за покривање на одобрените загуби во системот за дистрибуција на природен гас | [денари] |
| $SPT_t$ | - | пренесени трошоци | [денари] |
| $K_t$ | - | фактор на корекција | [денари] |

## 2. Основен приход

### 2.1 Основен приход за базна година

Основниот приход за базната годината (две години пред првата година од регулираниот период), во понатамошниот текст $BR_0$ се пресметува со примена на следнава формула:

$$BR_0 = O_0 + D_0 + RA_0$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $BR_0$ | - | основен приход за базната годината | [денари] |
| $O_0$ | - | оправдани оперативни трошоци за базната година | [денари] |
| $D_0$ | - | амортизација во базната година | [денари] |
| $RA_0$ | - | принос на регулирани средства за базната годината | [денари] |

### 2.2 Основен приход за годината t

Основниот приход за секоја година (t) ($BR_t$) од регулираниот период се пресметува со примена на следнава формула:

$$BR_t = [O_{t-1} \cdot (1 + CPI_t) + D_t + RA_t] \cdot (1 - SX)$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $BR_t$ | - | основен приход за годината t | [денари] |
| $CPI_t$ | - | општата ценовна инфлација за базната годината, објавена од Државниот завод за статистика | [денари] |
| $O_{t-1}$ | - | оправдани оперативни трошоци за претходната година | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација за тековната година | [денари] |

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RA_t$ | - | принос на регулирани средства во годината t | [денари] |
| $SX$ | - | фактор на порамнување на регулираниот приход | |

Факторот на порамнување за регулираниот период, го утврдува Регулаторната комисија за енергетика, во Одлуката за регулиран максимален приход и тарифа за регулираниот период, а се определува на следниот начин:

$$\sum_{t=1}^{3} \frac{ABB_t}{(1+WACC)^t} = \sum_{t=1}^{3} \frac{BR_t(1-SX)}{(1+WACC)^t}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи за годината t | [денари] |
| $WACC$ | - | пондерирана просечна цена на капиталот за регулираниот период | [%] |

## 2.3 Годишен приход по составни елементи ($ABB_t$)

Годишниот приход по составни елементи кој што го планира регулираното друштво, за секоја година t од регулираниот период, се пресметува со примена на следнава формула:

$$ABB_t = \mathrm{O}_t + D_t + RA_t$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $ABB_t$ | - | годишен приход по составни елементи за годината t | [денари] |
| $\mathrm{O}_t$ | - | оперативни трошоци и трошоци за одржување за годината t | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација за годината t | [денари] |
| $RA_t$ | - | принос на регулирани средства за годината t | [денари] |

## ПРИЛОГ 4

### 1. Оперативни трошоци (О)

Оправдани оперативни трошоци согласно оваа методологија се трошоци за работењето на друштвото и трошоците за одржувањето на регулираните основни средства со кои друштвото ја врши регулираната дејност, во согласност со важечките закони, прописи, стандарди и технички нормативи кои се применуваат во Република Македонија, како и обврските содржани во издадените лиценци.

Оправданоста на оперативните трошоци се определува во зависност од видот на трошокот, неговата неопходност, со проверка на количините и цените по кои е направен трошокот и со споредбена анализа на трошоците за регулираните дејности и споредбена анализа со други регулирани друштва.

Оперативните трошоци за вршење на регулираните дејности ги опфаќаат:

1) трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар,
2) трошоците за одржување,
3) трошоци за осигурување на средствата,
4) трошоци за плати,
5) трошоци за менаџерски плати и менаџерски награди,
6) трошоци за други услуги,
7) останати трошоци.

### 2. Амортизација (D)

Пресметката на амортизацијата на регулираните основни средства на регулираното друштво, со кои се врши регулираната дејност, се врши во согласност со пропишаните минимални годишни стапки на амортизација, при што се вклучува:

- амортизација на регулираните основни средства без земјиштето, и
- амортизација на стекнатите средства финансирани со грантови.

### 3. Принос на регулирани средства (RA)

Повратот на капиталот се определува како принос на регулирани средства, а се пресметува според формулата:

$$RA_t = RAB_t \cdot WACC$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RA_t$ | - | принос од регулираните средства во годината t; | [денари] |
| $RAB_t$ | - | просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност во годината t; | [денари] |
| $WACC$ | - | пондерирана просечна цена на капиталот на регулираното друштво. | [%] |

### 3.1.Просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната дејност

Регулираните средства се средства со кои се врши регулираната дејност при што во пресметките не се земаат во предвид:

- средствата стекнати од капитални придонеси како што се грантови и
- неоправдани инвестиции.

За определување на просечната вредност на регулираните средства се користи следната формула:

$$RAB_t^{av} = \frac{RAB_t^{start} + RAB_t^{end}}{2} + AVS_t$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RAB_t^{av}$ | - | просечна вредност на средствата со кои се врши регулирана дејност (регулирани средства) во годината t; | [денари] |
| $RAB_t^{start}$ | - | почетна вредност на средствата со кои се врши регулирана дејност во годината t; | [денари] |
| $RAB_t^{end}$ | - | вредност на средствата со кои се врши регулирана дејност на крајот од година t; | [денари] |
| $AVS_t$ | - | вредност на залиха на природен гас во мрежа во годината t, пресметан со просечна набавна цена во годината t, (само за дејностите пренос и дистрибуција на природен гас) | [денари] |

Вредноста на регулираните средства на почетокот на регулираната година $RAB_t^{start}$ претставува збир на поединечните книговодствени вредности на основните средства на првиот ден од регулираната година, односно:

$$RAB_t^{start} = RAB_{t-1}^{end}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RAB_t^{start}$ | - | почетна вредност на регулираните средства во годината t; | [денари] |
| $RAB_{t-1}^{end}$ | - | вредност на регулираните средства на крајот од година t-1; | [денари] |

Вредноста на регулираните средства на крајот на регулираната година ( $RAB_t^{end}$ ), се пресметува по следната формула:

$$RAB_t^{end} = RAB_t^{start} + NI_t + Grant_t - D_t - RAB_t^{out}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $RAB_t^{end}$ | - | вредност на регулираните средства на крајот од година t; | [денари] |
| $RAB_t^{start}$ | - | почетна вредност на регулираните средства во годината t; | [денари] |
| $NI_t$ | - | вредност на одобрени нови инвестиции; | [денари] |
| $Grant_t$ | - | бесплатно добиени средства; | [денари] |
| $D_t$ | - | амортизација на регулираните средства, вклучувајќи ја и амортизацијата на бесплатно добиените средства; | [денари] |
| $RAB_t^{out}$ | - | вредност на оттуѓени и расходувани регулирани средства во годината t. | [денари] |

### 3.2. Оправданост на инвестициите

Критериуми врз основа на кои се цени оправданоста на планираните инвестиции:

- За секоја инвестиција треба да биде доставено резиме со показатели за економската оправданост, период на враќање, нето сегашна вредност, интерна стапка на рентабилност и индекс на профитабилност, освен за поединечна инвестиција која има вредност пониска од 100.000 евра пресметана во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на поднесување на барањето, за која не е потребно да се достави резиме со показатели за економската ефикасност. Притоа, регулираното друштво не може да прикаже друга идентична поединечна инвестиција (со иста намена, исти или слични технички карактеристики, за ист капацитет), во регулираниот период.
- инвестицијата да обезбеди поголема безбедност, сигурност во снабдувањето, како и да обезбеди квалитет на испорачаниот природен гас на крајните потрошувачи, согласно важечките стандарди.

По барање на Регулаторната комисија за енергетика, регулираното друштво е должно да достави дополнителни информации, податоци и појаснувања во врска со придобивките од планираната инвестиција.

### 3.3. Пондерирана просечна цена на капитал (WACC)

Пондерираната просечна цена на капиталот (WACC) се пресметува за регулирано друштво на реална основа со примена на следната формула:

$$\mathrm{WACC} = \frac{(1 - Debt) \cdot K_e}{(1 - T_p)} + Debt \cdot K_d$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $\mathrm{WACC}$ | - | пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа пред оданочување | (%) |
| $Debt$ | - | долгорочен долг 40% од вкупниот капитал (60% сопствен капитал + 40% долгорочен долг) | (%) |
| $K_e$ | - | цена на сопствен капитал; | (%) |
| $K_d$ | - | цена на долг; | (%) |
| $T_p$ | - | стапка на данок на добивка. | (%) |

### 3.4 Цена на сопствен капитал ($K_e$)

Цената на сопствениот капитал на регулираното друштво се определува со примена на моделот на определување на цените на долгогодишните вложувања (CAPM - Capital Asset Prising Model), и тоа врз основа на приходот на неризични вложувања, просечниот приход на ризични вложувања и систематичните ризици изразени со коефициентот β, според следната формула:

$$K_e = R_f + MRP \cdot \beta$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $K_e$ | - | цена на сопствен капитал; | (%) |
| $R_f$ | - | стапка на поврат без ризик, која се утврдува како еднаква на приносот на обврзниците издадени од Владата на Република Македонија | (%) |
| $\beta$ | - | бета на сопствен капитал (пазарно портфолио) се утврдува дека е еднаква на 1 (еден) | |
| $MRP = R_m - R_f$ | - | премија за ризик која се определува како разлика меѓу „просечен приход на ризични вложувања ($R_m$) и приход на неризични вложувања ($R_f$)“; | (%) |
| $R_m$ | - | просечени каматни стапки на долгорочните кредити (во евра, САД долари и денари) одобрени на друштвата во Република Македонија, а објавени од Народна банка на Република Македонија; | (%) |

### 3.5. Цена на долг ($K_d$)

Цената на долгот на регулираното друштво се пресметува врз основа на просечните каматни стапки на користените кредити од страна на регулираното друштво за вршење на регулирана дејност, а контролата се врши врз основа на условите за кредитирање и каматните стапки, објавени од страна на Народна банка на Република Македонија.

### 3.6 Примена на приносот од регулираните средства за дејоста пренос на природен гас (RA)

Пресметаниот принос на капитал (RA) се применува на следниот начин:

- за пренесени количини на природен гас до 250.000.000 $м^3$ годишно се признава 30% од пресметаниот принос од регулираните средства (RA)
- за пренесени количини на природен гас од 250.000.001$м^3$ до 400.000.000 $м^3$ годишно се признава 50% од пресметаниот принос од регулираните средства (RA)

- за пренесени количини на природен гас над 400.000.000 $м^3$ годишно се признава 100% од пресметаниот принос од регулираните средства (RA).

## 4. Трошок за набавка на природен гас за покривање на одобрени загуби во системот за пренос или дистрибуција на природен гас

Трошоци за набавка на природен гас за покривање на одобрени загуби во системот за пренос или дистрибуција на природен гас ($L_t$ ) за годината t од регулираниот период се пресметува во согласност со следнава формула:

$$L_t = alr \cdot Q_t \cdot P_{L,t}$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $L_t$ | - | трошоци за набавка на природен гас за покривање на одобрени загуби, во системот за пренос или дистрибуција на природен гас во годината t | [денари] |
| $alr$ | - | дозволена стапка на загуби во системот за пренос или дистрибуција на природен гас, утврдена во согласност со член 10, став (1), односно член 14, став (1) од овој Правилник | [%] |
| $Q_t$ | - | вкупна влезена количина на природен гас во системот за пренос или дистрибуција на природен гас во годината t | [$m^3$] |
| $P_{L,t}$ | - | цена на природен гас за покривање на одобрената количина на загуби во системот за пренос или дистрибуција на природен гас, набавен по пазарни услови, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, според правилата за пазар на природен гас, во годината t | [ден/$m^3$] |

## 5. Пренесени трошоци (SPT)

Пренесените трошоци содржат: регулаторен надомест, трошок за надомест на концесија, еколошки такси, даноци на имот, и други економски оправдани трошоци одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.

## 6. Фактор на корекција (K)

Факторот на корекција се пресметува со примена на следнава формула:

$$K_t = (R_{t-2} - MARK_{t-2}) \cdot (1 + Ir_{t-2}) \cdot (1 + Ir_{t-1})$$

каде што:

| | | | |
|---|---|---|---|
| $K_t$ | - | фактор на корекција; | [денари] |
| $R_{t-2}$ | - | приход остварен во годината t-1 од страна на друштвото, по соодветни тарифи кои што им се наплаќаат на корисниците на услугата; | [денари] |
| $MARK_{t-2}$ | - | регулиран максимален приход во годината t-1, повторно пресметан со признаени вредности наместо прогнозирани за да се утврди елементот на корекција; | [денари] |
| $Ir_{t-1}$ | - | просечна пасивна каматна стапка објавена од Народна банка на Република Македонија во годината t-1 | [%] |
| $Ir_{t-2}$ | - | просечна пасивна каматна стапка објавена од Народна банка на Република Македонија во годината t-2 | |

Регулаторната комисија за енергетика може да го распредели факторот на корекција во повеќе регулирани години, со цел урамнотеженост на тарифите.

## <u>ПРИЛОГ 5</u>

**Табеларни прегледи за потребни податоци за регулирање на цени за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција со природен гас**

**ПРИЛОГ 6**

## Изјава за веродостојност на барањето и податоците приложени кон барањето

**И З Ј А В А**

**ЗА ВЕРОДОСТОЈНОСТ НА БАРАЊЕТО И ПОДАТОЦИТЕ ПРИЛОЖЕНИ КОН БАРАЊЕТО**

Јас ____________________________________________________________, одговорно лице на
(име, презиме и ЕМБГ на одговорното лице)

________________________________________________________________________________
(име и седиште на барателот – правното лице)

под морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека барањето и приложените податоци кон барањето за одобрување на тарифи поднесени до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, а кои се однесуваат на регулираното друштво, се точни, веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба на барателот.

**Датум:** __________

**М.П.**

**Место:** ___________

**Име и презиме на одговорното лице:**

___________________________________

**Потпис на одговорното лице:**

___________________________________

Согласни:
Финансиски директор
______________________________
Комерцијален директор
______________________________
Технички директор
______________________________

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 1, а во врска со член 28, став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија пристапи кон изработка на Правилник за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас.

Со овој Правилник се уредува начинот и условите за формирање, одобрување и контрола на тарифите со кои се остварува регулиран максимален приход потребен за вршење на регулираните дејности пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас, и дистрибуција на природен гас.

При регулирањето на тарифите, се користи методологија на поттикнувачка регулатива за определен регулиран период, со примена на методологии кои на регулираното друштво му обезбедуваат приход за покривање на оправданите трошоци и соодветен принос на капиталот во регулираниот период.

Регулирањето на тарифите, согласно начинот и постапката утврдени со овој Правилник се засновани на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација и со нив се обезбедува:

1) урамнотежување на интересите на вршителите на енергетски дејности и потрошувачите на природен гас,
2) заштита на потрошувачите и корисниците на системот за пренос и системот за дистрибуција на природен гас од каква било злоупотреба на доминантната позиција на пазарот,
3) креирање на мерки за поттикнување на ефикасно работење на вршителите на енергетски дејности,
4) вршителите на енергетски дејности да ги надоместат оправданите трошоци, како и да стекнат соодветен принос на капитал,
5) финансиски средства неопходни за инвестиции со кои ќе се обезбеди одржливо и сигурно функционирање на енергетските системи,
6) отстранување на вкрстените субвенции меѓу групите потрошувачи и прелевање на приходите и трошоците при вршење на регулираните и/или нерегулираните енергетски дејности и
7) надоместување на трошоците за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос и системот за дистрибуција на природен гас, имајќи ги предвид плановите и динамиката за намалување на загубите што операторите на системите ги доставуваат за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика.

На 16 ноември 2018 година Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на својата веб страна објави Предлог - Правилник за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас, како и соопштение со кое ги повика сите заинтересирани страни да доставaт по електронски пат, на официјалната е-меил адреса: erc@erc.org.mk, свои сугестии, забелешки и предлози, најдоцна до 7 декември 2018 година, по однос на Предлог - Правилникот. Исто така, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија го достави Предлог – Правилникот и до Секретаријатот на Енергетската заедница за увид и забелешки. Заклучно со 7 декември 2018 година беа доставени забелешки од АД ГА-МА – Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје и од Секретаријатот на Енергетската заедница.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија со Решение број 02-2213/1 од 16 ноември 2018 година свика подготвителна седница, која се одржа на 7 декември 2018 година и на која предмет на разгледување беше Предлог - Правилник за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, претставници од Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол – Скопје, АД ГЕС Скопје, АД ГА-МА – Скопје, АД ЕЛЕМ – Енергетика – Скопје, АРЦЕЛОРМИТТАЛ Скопје АД, ТЕ-ТО АД Скопје, МАКСТИЛ АД Скопје, МЕР АД Скопје, ДТИРЗ, ФЗЦ 11ти Октомври – Куманово, ЈП “ КУМАНОВО – ГАС” – Куманово, АД Пивара – Скопје, АД Алкалоид– Скопје, Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на РМ задолжен за економски прашања, Министерството за економија, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Советот за заштита на потрошувачите и Организацијата на потрошувачи на Македонија.

На 7 декември 2018 година се одржа подготвителна седница на која учествуваа членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, како и претставници од Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол – Скопје, АД ГЕС Скопје, АД ГА-МА – Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, Производство на топлина БЕ ДООЕЛ Скопје, МАКСТИЛ АД Скопје, МЕР АД Скопје, ДТИРЗ, ЈП “ КУМАНОВО – ГАС” – Куманово, Министерството за економија и Стопанската комора на Македонија. На подготвителната седница од страна на присутните беа дадени забелешки во однос на Предлог - Правилникот.

Имајќи ги во предвид доставените забелешки во дадениот рок, забелешките дадени на подготвителната седница од страна на заинтересираните страни, како и забелешките доставени од Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија изработи текст на Правилник за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас, како предлог за донесување.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на ден 24 декември 2018 година донесе Правилник за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на природен гас, организирање и управување со пазарот на природен гас и дистрибуција на природен гас.